Врз основа на член 23 став 10 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник 24/19)
ЕСМ Производство на Топлина ДООЕЛ Скопје, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК Бр.06/1-2026**
**за прибирање на понуди за набавка на дополнителни количини на природен гас**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Договорен орган по Јавен повик бр.01-2026 е:

- ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Тодор Александров бр.6, Гази Баба, 1000 Скопје, EIC код 70X000000005EPTQ.

1.2 Предмет на набавка е **природен гас** со следните технички карактеристики:

**Хемиски состав, mol %**

| | |
|---|---|
| Метан (C1) | минимум 75 |
| Азот (N2) | максимум 6 |
| Јаглерод диоксид (CO2) | максимум 3 |

**Бруто (горна)калориска вредност**
Максимална 13,67 kWh/m3
Минимум 10,17 kWh/m3

**Вобе индекс**
Максимална 16,33 kWh/m3
Минимум 13,07 kWh/m3

**Точка на росење на водата**
Не повисока од минус 8 степени Целзиусови при притисок од 39,2barg

**Температура на природен гас**
од +0° C до +50° C

Горенаведените референтни услови за температура, притисок и влажност што треба да се користат за мерење и пресметки на природен гас се 273,15 K (=0 °C) и 101,325 kPa (=1,01325 бари(апсолутен)) за вистински сув гас.

1.3 Продавачот е должен да достави Сертификат за квалитет на природен гас на прекугранична излезна точка ГМС Ќустендил/ Жидилово најдоцна до 10 работни дена по завршување на периодот на испорака.

Ул."Тодор Александров" бр.6, Гази Баба - Скопје, Р.С.Македонија;
Поштенски.фах 285; тел.:+389 (0)2 55 14 140;
e-mail: esm-proizvodstvo@elem.com.mk

1.4 Период на набавката **од 14.03.2026 (06:00h CET) до 01.04.2026 (06:00h CET)**, во количини од:

Табела 1

| 2026 | |
|---|---|
| **Количини-MWh** | **14.03.2026 (06:00h CET) до 01.04.2026 (06:00h CET)** |
| минимална дневна најава | 0,00 MWh |
| максимална дневна најава | 1.500,00 MWh |

1.5 Точка на испорака: главна мерна станица (ГМС) Жидилово.

1.6 Понудата **не е делива**.

1.7 Повикот е јавен со право на учество на сите домашни и странски правни лица кои поседуваат валидни лиценци за трговија и снабдување со природен гас.

1.8 Рокот за доставување на првични понуди по Јавниот Повик бр.01-2026 е на **13.03.2026 година**, во период **од 09:00 до 09:15 часот (CET)** на е-маил адреса: esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk.

## 2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1 Понудата се доставува на Образец бр.1 даден во прилог на Јавен повик бр.06/1-2026.

2.2 Изјава од одговорното лице на понудувачот дека во целост ги прифаќа условите од Јавниот Повик 06/1-2026 и дека во цената се вкалкулирани сите царински давачки, такси и други дополнителни трошоци кои може да произлезат.

2.3 Со Понудата се доставува:

- Потпишан модел на договор
- Тековна состојба или соодветен документ издаден од надлежен орган
- Потврда за регистрирана дејност (образец ДРД) како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот по Јавниот Повик или валидна лиценца за трговија или снабдување со природен гас согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

2.4 Предмет на евалуација на понудите: **најниска цена на природен гас** ЕУР/MWh**, фиксна за целиот петиод на испорака,** , изразена со 2 (две) децимални места.

2.5 Услови на плаќање:

Продавачот издава конечна фактура за вкупните номинирани количини за целиот период на испорака (14.03.2026 - 06:00h CET до 01.04.2026 - 06:00h CET) во рок од 10 (десет) дена по истекот на периодот на испорака.

Купувачот е должен да ја плати конечната фактура за вкупните номинирани количини за целиот период на испорака (14.03.2026 - 06:00h CET до 01.04.2026 - 06:00h CET), најдоцна во рок од 10 (десет) дена од датумот на прием на конечната фактура.

2.6 Пресметката на денарската противвредност на конечната фактура ќе се врши по средниот курс на НБРСМ на датумот на издавање на конечната фактура.

2.7 Финансиско обезбедување за квалитетно извршување на договорот: Продавачот е должен најдоцна до 13.03.2026 година, до 14:00h CET, да достави банкарска гаранција / депозит за квалитетно извршување на сите обврски од договорот за купопродажба на дополнителни количини на природен гас со ЕСМ Производство на топлина, кој произлегува од набавката согласно Јавниот Повик 06/1-2026 со важност од 14.03.2026 до 14.04.2026 година, на износ од 162.000 ЕУР, во денарска противвредност пресметана по среден курс на НБРСМ на денот на вршење на плаќањето доколку депозитот се уплаќа во денари. Доколку понудувачот доставува депозит, банкарската провизија за трансферот е на товар на понудувачот.

2.7.1 Доколку Понудувачот не достави банкарска гаранција/ депозит за квалитетно извршување на договорот до 13.03.2026, до 14:00 часот CET, Купувачот ќе го раскине Договорот за купопродажба на природен гас, нема обврска да ги плати преземените/ испорачаните количини на природен гас, и ќе потпише Договор за купопродажба на природен гас со второрангираниот понудувач кој ги исполнува условите согласно Јавен Повик 06/1-2026.

2.7.2 Банкарската гаранција, треба да биде неотповиклива, безусловна, без право на приговор и наплатлива на прв повик.

2.7.3 Финансиското обезбедување за квалитетно извршување на договорот се враќа на Понудувачот најдоцна до 15.04.2026.

2.7.4 Финансиското обезбедување за квалитетно извршување на договорот ќе се наплати доколку Понудувачот не се придржува на условите од Договорот за купопродажба на природен гас.

ЕСМ
ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

2.8 Динамика на доставување на дневни номинации за потребни количини на природен гас: Д-1.

2.9 Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда и Купувачот во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

## 3. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

3.1 Понудите се доставуваат на еден од следниве начини:

- Скенирани оригинали, заверени со печат и потпис од одговорното лице на компанијата на следната е-маил адреса:
  esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk
- Електронски потпишани понуда и документи од овластено лице на компанијата на следната е-маил адреса:
  esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk

## 4. ПОСТАПКА ЗА ОТВАРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

4.1. Постапката за прием, отворање и евалуација на понудите ќе се одвива во 2 (два) круга:

- Првична понуда
- Конечна понуда

4.2. Првична понуда: доставување на ***13.03.2026 во период од 09:00 до 09:15 h (CET)*** на е-маил адреса esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk

4.3. Конечна понуда: доставување на ***13.03.2026 во период од 09:30 до 09:45 h (CET)*** на е-маил адресата esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk

4.4. Важност на понудата: понудата треба да е со важност најмалку до 16.03.2026 до 15:00 часот (CET).

4.5. Известување за избор на најповолна понуда, до понудувачите кои учествувале на јавниот повик бр.06/1-2026 ќе се достави најдоцна до 13.03.2026 до 12:00 часот (CET).

4.6. Потпишување на договор (модел на договор даден во прилог на Јавниот Повик) најдоцна до 13.03.2026 до 13:00 часот (CET).

4.7. Доколку се појават понуди со исти цени, ќе биде избрана понудата на економскиот оператор кој прв ја доставил понудата.

Ул."Тодор Александров" бр.6, Гази Баба - Скопје, Р.С.Македонија;
Поштенски.фах 285; тел.:+389 (0)2 55 14 140;
e-mail: esm-proizvodstvo@elem.com.mk

ЕСМ
ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

4.8. Во случај на неможност да се склучи договор со понудувачот со прворангирана понуда, се избира второрангираната понуда која ги исполнува условите наведени во овој Јавен Повик.

4.9. ЕСМ Производство на Топлина ДООЕЛ Скопје го задржува правото да ја поништи постапката и да не изврши избор по Јавен повик бр.06/1-2026

4.10. Понудувачите имаат право на увид во Извештај од евалуација на понуди по Јавен Повик 06/1-2026 за набавка на природен гас.

За сите прашања во врска со Јавниот Повик бр. 06/1-2026 може да се обратите на e-mail: esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk .

**ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје**

**ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТ**

**УПРАВИТЕЛ**

**ЃОРЃИ КАРАЛИЕВ**

ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ

Ул."Тодор Александров" бр.6, Гази Баба - Скопје, Р.С.Македонија;
Поштенски.фах 285; тел.:+389 (0)2 55 14 140;
e-mail: esm-proizvodstvo@elem.com.mk